# Прашања и одговори

## За Јавниот повик за градење капацитети и суб-грантирање за Род и финансирање на климатски промени

**Дали нашата организација е подобна за финансирање ако сме регистрирани пред година и пол?**

Не. Организацијата мора да е основана/ регистрирана најмалку две години пред објавувањето на овој повик.

**Кои се дополнителните обуки низ кои треба да помине организацијата (политики на учество) за зајакнувањето на капацитетите на организацијата?**

Тоа ќе биде одлучено во зависност од процената на организацијата која ќе биде спроведена според капацитетите и потребите.

**Дали може да учествува организација која работи на социјална заштита?**

Да, може.

**Дали може да аплицираме како регионален конзорциум?**

Да. За регионалните грантови најмалку 3 организации од 3 различни земји мора да бидат дел од конзорциумот и секоја од нив мора да ги задоволи критериумите на повикот.

**Кој е минималниот број на месеци за да се реализира еден проект**?

Минимум 12 месеци

**Дали проектот мора да трае 18 месеци?**

Не мора. Максималното времетраење е 18 месеци, така да може да трае и пократко од тоа.

**Во формуларот за апликација (концептот), во делот за искуство треба да наведеме информација за завршени проекти: "Наслов на проектот, донатор и контакт." Чиј контакт треба да го внесеме, на некој од организацијата или на донаторот?**

Треба да внесете контакт од донаторот.

**Дали е неопходно Граѓанската Организација (ГО) да е искусна во Родово Одговорно Буџетирање?**

Не, тоа не е неопходно.

**Како може да станеме дел од е – академијата?**

На одбраните организации ќе им биде доделен пристап до е-академијата. Но ако има организации кои се заинтересирани да учествуваат а не се дел од апликантите, ќе треба да пополнат друг формулар, после што ќе добијат пристап исто така.

**Кои документи, поспецифично кои финансиски извештаи треба да ги поднесеме?**

- Пополнет формулар за апликација и концепт (Анекс 1);
- Статутот на ГО и секој партнер на ГО (за регионални грантови);
- Финансиски извештај за последните две години;
- Доказ за регистрација

**Дали има ограничувања во износот на средства за проектен персонал?**

Лимитот за човечки ресурси е 50% од вкупната сума а ако е над 50% треба да е дополнително оправдана.

**Дали е потребно апликантот да има сопствено учество во проектот?**

Учеството не е обврзано.

**Дали има граница за индиректни трошоци, одржување на опрема, услуги, кирија, итн?**

Сите трошоци треба да се испланирани како директни трошоци. Попратна документација треба да е доставена за сите оправдани трошоци вклучувајќи услуги, одржување на опрема, кирија, итн.

**Дали може организација која била претходно добитник на грант од МРОБ, да аплицира за грант во оваа фаза?**

Да

**Ако конзорциум добие грант, дали сумата од грантот треба да е подеднакво распределена или тоа се регулира од партнерите во конзорциумот?**

Дистрибуираните средства ќе зависат од буџетот и активностите кои се завршени.

**Дали е возможно да се работи во конзорциум со две организации за национален грант?**

Возможо е. Но  МРОБ ќе потпише договор САМО СО водечкиот апликант.

**Дали може една организација да биде партнер во два регионални гранта?**

Не. Една организација може да биде водечки апликант за национален грант и да биде партнер во регионален грант

**Доколку има други организации од Западен Балкан  кои бараат партнери за регионални грантови како може да стапиме во контакт?**

Може да ја најдете листата на членови на мрежата на следниот линк:

https://gbwn.net/en/network-members/

**Каде може да го најдеме формуларот за аплицирање?**

Формуларот може да го најдете на нашата веб страница www.gbwn.net, достапен на Англиски, Албански, Босански, Хрватски, Српски, Црногорски, Македонски и Романски.

Повикот на  Англиски

Повикот на Албански

Повикот на Босански, Црногорски, Српски, Хрватски

Повикот на Романски

**Дали може да ве контактираме дополнително во врска со овој проект?**

Да секако.

**Ако се пријавиме за регионален грант дали може другите два партнера да се од една земја или мора да бидат двата партнери од две земји?**

Целта на грантовата шема е да се поддржи соработка помеѓу земјите каде е активна мрежата. Партнерствата мора да бидат со три партнери од три земји.

**Дали како партнер може да вклучиме државна институција или НВО?**

Една од целите е да се зајакнат капацитетите на организациите и затоа партнерите треба да се НВОи

**Ние сме НВО која работи на социјални прашања дали може да се пријавиме на повикот?**

Да, Може.

**Ние сме подгрантисти од 2023, дали може пак да аплицираме на повикот за 2024?**

Да, може.

**Дали може организации кои не аплицираат на повикот или пак организации кои не се селектирани за грант да учествуваат на онлајн обуките на академијата на МРОБ?**

Да, може.

**Дали може повеќе од еден член на организацијата да се пријави на онлајн обуките?**

Да, може.

**Дали има ограничување со кои префектури може да се работи?**

Не, може да се работи со сите.

**Дали апликацијата може да биде на македонски јазик?**

Да, може.

**Дали треба да се спреми детален буџет?**

Не е потребно во оваа фаза.

**Дали организацијата треба да има искуство со РОБ за да аплицира на повикот?**

Не. Ги охрабруваме и  организациите кои немаат искуство со РОБ да ни се приклучат во мрежата.

**Дали организацијата треба да има одредена сума на пари за да може да аплицира или може ова да биде прв грант на организацијата?**

Не. Ние ги поддржуваме малите и grassroot организациите и ги градиме нивните капацитети. Предуслов е организацијата да е регистрирана најмалку 2 години.

**Дали треба да поднесеме финансиски извештај (вклучувајќи ги и проектите во кои сме партнери) или треба да обезбедиме извод од банкарска сметка на организацијата?**

Само финансиски извештај од последните две години.

**Дали проектот може да се надоврзува на претходниот (за суб-грантови од 2023 година)?**

Да, но треба да ги опфаќа темите од тековниот повик.

**Дали треба да имаме истражувачка активност како дел од грантот?**

Активностите треба да се однесуваат на родово одговорно буџетирање и финансирање на климатските промени, вклучувајќи родова анализа за информирање на расходите, следење на расходите користејќи анализа на родово влијание или користење на други алатки за РОБ.

**Дали активностите за спроведување на регионалниот проект треба да бидат исти во сите 3 земји**?

Активностите за имплементација треба да бидат усогласени, но и не исти во овие земји.

**Дали организации кои се водечки партнери на регионален проект сега можат да аплицираат на повикот за национален грант?**

Да, може.